...ИЛ И МЕТОДИЈ
...СТОЧАРСТВО СКОПЈЕ
Примено: 29.3.2023
Орг. Ед. | Број | Прилог | Вредност
08-184/1

Врз основа на член 145 став (7) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.178/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 21 март 2023 година, дава

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Рибарство“ на Институтот за сточарство, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје**

1. Со ова решение се утврдува почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Рибарство“ на Институтот за сточарство, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

По добивање на Решение за акредитација 08-256/12 од 21.9.2022, од страна на Одборот за акредитација на високото образование, Институтот за сточарство, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, достави Барање бр.03-520/1 од 5.10.2022 година, до Агенцијата за квалитет во високото образование, заведено под бр. 08-1003/1 од 5.10.2022 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Рибарство“ на Институтот за сточарство, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје.

Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, со Решение бр. 08-1003/2 од 6.10.2022 година, формираше Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на 7.9.2022 година, изврши увид и изготви Извештај бр.08-1003/3 од 13.10.2022 година, во кој се констатира дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Рибарство“ на Институтот за сточарство, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“-Скопје, согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование* и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/10, 168/10 и 10/11).

Согласно член 145 став (7) од Законот за високото образование*, Решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус дава Владата на Република Северна Македонија, по добиена акредитација од страна на Одборот за акредитација на високото образование и по добиен позитивен извештај за исполнетост на условите за почеток со работа на студиските програми.

Решението задолжително се објавува на веб-страницата на Агенцијата за квалитет во високото образование.

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

Бр. 41-1544/3
21 март 2023 година
Скопје

Претседател на Владата на
Република Северна Македонија

д-р Димитар Ковачевски

Подготвил: Христијан Николов, помлад соработник
Проверил: Никола Пасков, раководител на одделение
Катерина Јаневска, раководител на одделение
Контролирал: Стојанчо Радичевски, помошник раководител на сектор
Jetmira Maliqi, помошник раководител на сектор
Согласен: Снежана М. Пендовски, државен советник
Зоран Брњарчевски, раководител на сектор
Одобрил: м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата